БИЛТЕН НА РИЗИЦИ

# ОПСЕРВАТОРИЈА НА НЕЛЕГАЛНИ ЕКОНОМИИ ВО ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА



БРОЈ 15 МАЈ 2023

## Резиме на главни поенти

**Криумчарењето на антиквитети го загрозува културното наследство на Северна Македонија.**

Географската положба на Северна Македонија, која се наоѓа на крстосницата на историски цивилизации, ја претвора земјата во атрактивна дестинација за луѓето кои се обидуваат да украдат и тргуваат со артефакти од археолошки локалитети. Се верува дека организираните групи што дејствуваат во Северна Македонија се поврзани со странските трговци кои ги продаваат предметите на европските црни пазари и во странство. Изминатава деценија, одредени инциденти укажуваат на заканата што виси над богатото културно наследство во државата од нелегалното криумчарење на културните добра. Поголемата јавна свест и меѓународната соработка се од клучно значење за разбивање на оваа трговија.

**Малолетници без придружба минуваат низ голгота по мигрантската рута на Западен Балкан кон ЕУ.**

Децата без придружба кои патуваат во државите од ЕУ преку Западен Балкан ризикуваат да станат потенцијални жртви на трговија со луѓе и да бидат сексуално експлоатирани. Сѐ поголемиот број на малолетници без придружба кои патуваат по балканската рута, особено млади момчиња од Авганистан, само ја влошуваат оваа ситуација. Потребна е подобра комуникација и координација помеѓу органите за спроведување на законот и организациите што работат во мигрантски кампови за да се заштитат децата кои се во движење.

GLOBAL INITIATIVE AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

# ЗА ОВА ИЗДАНИЕ

Билтенот на ризици што е производ на Опсерваторијата на нелегални економии во Југоисточна Европа на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал обично овозможува увид во важните тековните прашања на полето на организираниот криминал. Меѓутоа, 15-тото издание се осврнува на случувањата на полето на организираниот криминал во регионот коишто привлекуваат помалку внимание од јавноста, но, и покрај тоа треба да се следат.

Прво, да ја разгледаме ситуацијата во Србија. Во оваа земја, новиот предлог-закон за внатрешни работи на Владата беше остро критикуван од јавноста. Нацрт-законот за внатрешни работи не само што се смета за потенцијална закана за човековите права на граѓаните, туку има и одредени недостатоци во врска со сузбивањето на организираниот криминал. Додека Владата свикува јавни консултации со граѓанското општество и полициските синдикати за менување на законот, останува да се види дали новиот Закон за внатрешни работи ќе ѝ овозможи на земјата да ги исполни препораките што ги предлага Европската комисија.

Два криминални пазари во Западен Балкан на коишто не им се обрнува премногу внимание се пазарите за криумчарење на антиквитети и одгледување канабис во затворени простории. Вториот и третиот напис ги расветлуваат овие прашања, истражувајќи како криумчарењето на антиквитети го загрозува културното наследство на Северна Македонија и испитувајќи ги причините за порастот на одгледување канабис во затворени простории во Косово.

Продолжувајќи во иста насока, се осврнуваме на жариштата на нелегални економии во Југоисточна Европа и го земаме како пример босанскиот град Градишка, којшто се наоѓа во близина на границата со Хрватска. Иако градот долго време беше средиште на криумчарење, во последно време стана премин за криумчарите што се обидуваат да пристапат до пазарите на ЕУ откако Хрватска се приклучи на Шенген зоната на почетокот од 2023 година.

Уште еден ризик на којшто не му се обрнува многу внимание е тешката судбина на децата кои поминуваат по балканската рута за да стигнат до ЕУ, а многумина бегаат од родните земји поради злоупотреби на човековите права. Овој ризик се умножува со ризикот од експлоатација за време на нивното патување. Нивните приказни ретко се слушаат бидејќи децата се плашат да ги раскажат, особено поради одмазда или враќање дома.

Една од целите на овој Билтен на ризици што постојано се повторува е да ги следи дејствата на криминалните групи во Западен Балкан што дејствуваат надвор од регионот. Последниот напис од ова издание го опишува подемот на италијанско-албанската мафија, криминални групи што се појавија на сцената на италијанскиот организиран криминал.

Како и секогаш, важни ни се Вашите коментари и предлози за нови приказни. Доколку сакате да стапите во контакт со нас или имате идеја за приказна, пишете на Vanja.Petrovic@globalinitiative.net.

# Криумчарењето на антиквитети го загрозува културното наследство на Северна Македонија.

Географската положба на Северна Македонија, која се наоѓа на крстосницата на историски цивилизации, ја претвора земјата во атрактивна дестинација за луѓето кои се обидуваат да украдат и тргуваат со артефакти од археолошки локалитети. Се верува дека организираните групи што дејствуваат во Северна Македонија се добро поврзани со странските трговци кои ги продаваат предметите на европските црни пазари и во странство.[1] Исто така, во Азија наводно има растечки пазар за артефакти украдени од Северна Македонија.[2] Според независните истражувања, преку 100.000 предмети биле земени од историски локации во Северна Македонија и пренесувани ширум светот.[3]

Изминатава деценија, одредени инциденти укажуваат на заканата што виси над богатото културно наследство на оваа балканска земја од нелегалното криумчарење на културните добра. Неодамна, во декември 2022 година, 12 луѓе беа уапсени во Северна Македонија затоа што биле дел од организирана криминална група инволвирана во кражба на антиквитети. Министерството за внатрешни работи го обелодени овој случај на 13 декември 2022 година и откри дека криминалната група, наводно, долго време работела во следниве градови: Прилеп, Струмица, Пробиштип, Неготино, Куманово, Свети Николе, Кавадарци и Кочани. Полициската операција резултирала со заплена на одредени археолошки артефакти, вклучувајќи монети, метални предмети, фигурини, како и метал-детектори, оружје и муниција.[4]

Апсењата во декември следеа по инцидент во октомври 2022 година, кога четири Украинци беа уапсени поради сомнеж за вршење нелегален ископ на артефакти на еден од најбогатите археолошки локалитети во Северна Македонија – Исар, во близина на селото Марвинци на југ.[5] Според официјалната изјава на полицијата, осомничените биле уапсени откако службениците ги фатиле како вршат ископ на заштитениот локалитет, каде што има остатоци од храм и стадион изграден во антички римски стил. Кај осомничените биле пронајдени два метал-детектори, лопати и неколку ископани предмети.

Во 2021 година, јавното обвинителство обвини осум лица за нелегален ископ на предмети од културното наследство. На обвинетите, кои биле фатени додека копале и вршеле неовластено истражување и ископување на регистрирани и нерегистрирани



**Предмети од културно наследство запленети во полициски рации во Северна Македонија.**

*Фотографија: Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија*

археолошки локалитети во близина на Скопје, Македонски Брод, Кичево и Велес, им се закануваат од три до пет години казна затвор. Истражувачите нашле скриени артефакти во домовите на обвинетите и откриле мрежа на соработници од Грција, Турција, Албанија, Хрватска, Србија и САД, кои ги продавале артефактите на заинтересираните купувачи.[6]

Тргувањето со културни добра одамна претставува проблем за органите за спроведување на законот во Северна Македонија. Во 2010 година, властите уапсија 48 лица, вклучувајќи локални политичари и археолози, во операција против нелегалната трговија со антиквитети спроведена на национално рамниште.[7] Оттогаш, па сè до 2014 година, полицијата спроведе неколку големи операции за да ги разоткрие криумчарите на артефакти. Операциите „Фаланга“ и „Аполон“ прекинаа мрежа од шеми на организиран криминал којашто, покрај нелегално присвојување на археолошки и историски предмети, нудела на продажба и икони што биле украдени од црквите. Истражувањата покажале и дека осомничените располагале со високософистицирана опрема за да ги лоцираат металните предмети закопани во гробовите. Според официјалните извештаи, полицијата нашла две многу вредни икони, девет археолошки фигури, три фибули, шест парчиња накит, 17 монети и два керамички сада, како и разни парчиња опрема, составена од скенери и од метал-детектори, мапи и скици на археолошки локалитети, оружје и муниција.[8]

Според сознанијата добиени од операциите „Фаланга“ и „Аполон“, религиозната уметност во црквите на Северна Македонија истовремено е мета на криумчарење. Околу 20.000 икони од македонските цркви и манастири се криумчарени надвор од земјата во приватни колекции ширум светот. На пример, во 2009 година, шест икони на Св. Јован Богослав Канео од непроценлива вредност беа украдени од Охрид и вратени од страна на ИНТЕРПОЛ, но повторно беа украдени и до ден денешен не се пронајдени.[9] Иконите што беа украдени од манастирот Св. Наум, на југ од Охрид, сè уште недостасуваат.[10]

Во 2014 година, српскиот дневен весник *Блиц* објави дека повеќе од 10 вредни верски предмети биле украдени од цркви во Северна Македонија во изминатата деценија. Написот го цитира охридскиот кустос Милчо Георгиевски, кој посочува дека украдените артефакти од македонските цркви и археолошките локалитети се продаваат на тајни аукции во Западна Европа и завршуваат во приватни колекции. Процесот на реституција или враќање е речиси невозможен.

И покрај тоа, полицијата продолжува со напорите да ги гони криумчарите и да ги врати артефактите. Во 2021 година, македонската полиција во базата на ИНТЕРПОЛ пријавила 160 украдени археолошки предмети и икони. Дел од иконите и предметите коишто се пријавени за украдени се објавени и на веб-страницата на Министерството за внатрешни



**Полицијата на Северна Македонија ги враќа историските артефакти пронајдени во рација во рамките на операција спроведена поради сомнеж од криумчарење на антиквитети во декември 2022 година.**

*Фотографија: Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија*

работи.[11] Исто така, во 2021 година, полицијата уапси група од осум мажи во Северна Македонија што беа обвинети за учество во повеќе нелегални ископувања ширум земјата со цел продажба на антиквитети во странство.[12] Според официјалниот извештај, полицијата извршила рација во домовите и другиот имот на осомничените на 10 локации во јужниот град Битола и северозападниот град Тетово. Заплениле голем број на артефакти, вклучувајќи антички фигурини и накит, како и огнено оружје и метал-детектори.

Овој сериозен проблем со нелегалната трговија со артефакти и културно наследство во Северна Македонија станува дел од глобален тренд. Според помошникот-генерален директор за култура на Организацијата за образование, наука и култура на ООН (УНЕСКО), нелегалната трговија наводно претставува пет проценти од проценетата пазарна вредност на антиквитетите во износ од 45 милијарди евра.[13] Значајната вредност на пазарот со уметнички дела и антиквитети, којшто е во пораст од 1990-тите, може делумно да се припише на технолошкиот развој, со оглед на тоа што продавачите и купувачите сега се поврзуваат преку интернет, како и поради тоа што има зголемена глобализација којашто овозможува подобра комуникација и го олеснува патувањето. [14] Растечката меѓусебна поврзаност исто така им овозможи на криминалците да ја истражат темната страна на пронаоѓањето и собирањето артефакти и културно наследство. Според УНЕСКО, овој тренд се јавува не само во локации што веќе се воспоставени како локалитети со културно наследство, туку исто така и на локации „каде што не сме знаеле дека има антиквитети“.[15]

Во исто време, проблемот со украдените културни добра добива сè поголемо меѓународно внимание. На пример, на крајот од 2022 година, Единаесеттата конференција на страните на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал усвои резолуција за трговија со културни добра, којашто конвенцијата и нејзините протоколи конкретно не ја опфаќаат.[16] Резолуцијата се осврнува на зајакнување на спречувањето на криминалот и одговорите на правосудството во врска со заштитата на културните добра и ги повикува земјите членки да ја категоризираат трговијата со културни добра како сериозно кривично дело (како што е дефинирано со Конвенцијата) за да се олесни меѓународната соработка. Резолуцијата, исто така, бара земјите да преземат мерки за подигање на јавната свест, да организираат медиумски кампањи и да изградат институционални капацитети.[17]

Овие две работи – јавната свест и меѓународната соработка – се клучни за спречувањето на нелегалната трговија со артефакти во Северна Македонија. Токму недостатокот на јавна свест и занемарувањето на културното наследство, во комбинација со немоќните институции, им овозможува на криминалците да искористат можности што честопати поминуваат незабележано или се олеснети од страна на органите за спроведување на законот и функционерите поради корупција или лошо владеење. Поради тоа, за сузбивањето на трговијата со културни добра потребен е повеќесекторски пристап којшто ги вклучува граѓанското општество, правосудниот систем, приватниот сектор (особено оние што се дел од логистика, ИТ платформите и аукциските куќи), како и историчарите, археолозите и владините агенции што се одговорни за заштита на културното наследство.

Со оглед на тоа што нелегалната трговија со културни артефакти не настанува во вакуум, туку се служи со постојни рути за организиран криминал, одговорот треба да биде холистички и „глобален “. За таквиот одговор потребни се напори да се разберат конкретните локални услови и да се зајакне локалната отпорност при анализирањето на екосистемот во којшто настанува ова кривично дело, вклучувајќи ги транснационалните овозможувачи, двигатели и мрежи.

За крај, ова прашање треба да се разгледа и обработи во рамките на поширокиот контекст за разбивање на нелегалните економии. Организацијата за безбедност и соработка во Европа – со којашто моментално претседава Северна Македонија – при соработката со ИНТЕРПОЛ, воочи дека нелегалната трговија со културни добра понекогаш се поврзува со нелегалната трговија со оружје, трговија со луѓе и криумчарење мигранти.[18] Исто така, УНЕСКО стои на ставот дека нелегалната трговија со културни добра значајно придонесува кон финансирањето на тероризмот, организираниот криминал и перењето пари. Во 2017 година, Советот за безбедност на ОН формално призна дека

заканите за културното наследство претставуваат клучно безбедносно прашање за чија заштита меѓународната заедница има директна одговорност.[19] Со оглед на сигурносната динамика во Западен Балкан во врска со организираниот криминал, меѓународниот тероризам и тековното геополитичко натпреварување, регионот треба да го приоритизира решавањето на проблемот со нелегална трговија на артефакти.

## Забелешки

1 Интервју со археологот Андријана Петковска, Скопје, 15 јануари, 2023 година.
2 Интервју со истражувачкиот новинар Дејан Мишевски, Скопје, 19 јануари, 2023 година.
3 *Macedonian artefacts and icons on illegal markets in Asia*, *Sloboden Pečat*, 14 јануари 2021 година, https://www.slobodenpecat.mk/en/makedonski-artefakti-i-ikoni-na-nelegalnite-pazari-vo-azija.
4 Сузбиена 12-члена организирана криминална група – диви копачи на културното наследство, *Sloboden Pečat*, 13 декември 2022 година, https://www.slobodenpecat.mk/videofoto-suzbiena-12-chlena-organizirana-kriminalna-grupa-divi-kopachi-na-kulturnoto-nasledstvo.
5 *North Macedonia: 4 Ukrainians arrested at archeological site*, Associated Press, 22 октомври 2022 година, https://apnews.com/article/science-arrests-09109e6ccfc8a493a8062143dafb7d2e.
6 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, Обвинение за осуммината диви копачи и трговци со македонско културно наследство, 25 март 2022 година, https://jorm.gov.mk/obvinenie-za-osumminata-divi-kopachi-i-trgovczi-so-makedonsko-kulturno-nasledstvo.
7 *Macedonia cracks down on illicit antiquities trade*, Auction Central News, 25 јуни 2010 година, https://www.liveauctioneers.com/news/top-news/crime-and-litigation/macedonia-cracks-down-on-illicit-antiquities-trade.
8 Пресуда Фаланга 2: Сите обвинети се прогласени за виновни, Паско Кузман доби три години затвор, Академик, 24 јули 2014 година, https://akademik.mk/presuda-za-falanga-site-obvineti-se-proglaseni-za-vinovni-pasko-kuzman-dobi-tri-godini-zatvor-4.
9 Крадците од Канео однеле ситни пари, Вечер, 4 октомври 2009 година, https://vecer.mk/uncategorized/крадците-од-канео-однеле-ситни-пари.
10 *Macedonian artefacts and icons on illegal markets in Asia*, *Sloboden Pečat*, https://www.slobodenpecat.mk/en/makedonski-artefakti-i-ikoni-na-nelegalnite-pazari-vo-azija.
11 Република Северна Македонија, Министерство За Внатрешни Работи, ИНТЕРПОЛ, https://mvr.gov.mk/page/interpol.
12 *North Macedonia holds 8 for antiquities smuggling, illegal digs*, *Kathimerini*, 30 септември 2021 година, https://www.ekathimerini.com/news/1168888/north-macedonia-holds-8-for-antiquities-smuggling-illegal-digs.
13 Guy Shone и Cyril Fourneris, *Art and crime – the dark side of the antiquities trade*, Euronews, 13 април 2022 година, https://www.euronews.com/next/2022/04/13/art-and-crime-the-dark-side-of-the-antiquities-trade.
14 Organization for Security and Co-operation in Europe, *How illicit trade in art and artefacts is robbing us blind*, 5 октомври 2016 година, https://www.osce.org/magazine/271951.
15 Zeynep Boz, *Fighting the illicit trafficking of cultural property*, UNESCO, 2018 година, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000266098?posInSet=1&queryId=69eeca8c-383e-4b4f-b795-0e3dad58dab5.
16 Ian Tennant, *Resolutions on environmental crime and trafficking in cultural property*, Global Initiative Against Transnational Organized Crime, 6 декември 2022 година, https://globalinitiative.net/analysis/untoc-resolution-environmental-cultural-property-crimes.
17 Ibid.
18 Organization for Security and Co-operation in Europe, *How illicit trade in art and artefacts is robbing us blind*, 5 октомври 2016 година, https://www.osce.org/magazine/271951.
19 Zeynep Boz, *Fighting the illicit trafficking of cultural property*, UNESCO, 2018 година, https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000266098?posInSet=1&queryId=69eeca8c-383e-4b4f-b795-0e3dad58dab5.

# Малолетници без придружба минуваат низ голгота по мигрантската рута на Западен Балкан кон ЕУ.

Во февруари 2023 година, словенечката полиција – во соработка со органите за спроведување на законот од Австрија, Хрватска, Унгарија, Италија и Романија – уапси 13 осомничени криумчари на луѓе. Со потекло од Словенија, Србија и Босна и Херцеговина, уапсените беа осомничени дека се одговорни за криумчарење на преку 200 мигранти во ЕУ. Освен оружја и илјадници куршуми, полицијата нашла нелегални дроги и готовина.[1]

Криминалците ги рекламирале нивните нелегални активности – вклучувајќи видеа од успешните пренесувања – на разни платформи за социјални мрежи за да намамат мигранти кои би сакале да бидат криумчарени преку граница. Тие ги пренесувале мигрантите по две главни рути, или од Хрватска преку Словенија до Италија, или од Србија и Унгарија до Австрија. Мигрантите кои ги користеле услугите за криумчарење плаќале вртоглави цени за да влезат во ЕУ: едно нелегално пренесување од Србија во Австрија чинело околу 5.000 евра по лице, а целото патување од земјата на потекло до ЕУ обично чинело помеѓу 15.000 и 20.000 евра.[2]

Миграцијата на балканската рута е во подем од 2019 година,[3] а бројот на нелегалните преминувања се зголеми за време на пандемијата КОВИД-19.[4] Во 2022 година беа забележани повеќе од 330.000



**Запленето оружје во операција на Европол што кулминира со апсењето на 13 осомничени криумчари на луѓе, февруари 2023 година.**

Извор: Европол

нерегуларни влезови на надворешните граници на ЕУ, што претставува највисока бројка од 2016 година. Исто така, нелегалните влезови преку балканската рута го достигнаа врвот, односно беше евидентиран најголемиот број од 2015 година наваму.[5]

Според еден граничен полицаец во Босна и Херцеговина, во неговата земја криумчарите можат да заработат „чиста пара“.[6] Мигрантите од Африка и Азија сè повеќе нелегално влегуваат во Босна и Херцеговина од Црна Гора и Србија. Оттаму, се обидуваат да ја преминат границата со Хрватска.[7] Според Фронтекс, Сиријците и Турците биле едни од најчесто забележаните државјани, а државјаните на земји како Тунис, Бурунди и Индија, кои претходно ретко се јавувале, биле евидентирани на балканската рута во 2022 година.

Профилот на лицата кои се во движење исто така се менува. Сè поголем број деца, особено млади момчиња од Авганистан, се обидуваат да влезат во ЕУ откако Талибанците дојдоа на власт во август 2021 година. Авганистанците сега претставуваат 49 % од лицата што се сместени во бегалските кампови во Босна и Херцеговина.[8]

Освен тоа што има повеќе луѓе во движење, постои зголемен ризик од експлоатација од страна на мрежите за криумчарење. Еден вработен во меѓународна организација што им дава помош на мигрантите вели дека „луѓето кои се во движење честопати се незаштитени“. Иако организациите можат да ја пријават експлоатацијата на мигрантите, таквите пријави често не водат никаде: „Ниту меѓународните организации, ниту пак локалните власти немаат волја темелно да ги истражат тие пријави,“ објасни вработениот.[9]

Децата мигранти и нивните семејства честопати се жртви на насилство, дискриминација и повреди на човековите права. Децата без придружба[10] се уште повеќе изложени на експлоатација и насилство. Тие обично патуваат во придружба на подалечни роднини, но има и случаи кога ним им се придружуваат и непознати лица долж нивната рута за да избегнат подолготрајни престои во бегалски кампови. Иако, со ваквиот пристап нивната сигурност е поголема, на тој начин тие се изложуваат на нови ризици.

**Деца мигранти изложени на ризик**

Во повеќето случаи, децата без придружба стануваат жртви на сексуална експлоатација на почетокот од нивното патување – таквата шема продолжува долж мигрантската рута и обично трае подолго од година дена.

Според еден истражувач кој ја истражувал сексуалната експлоатација во Западен Балкан, повеќе од 99 % од децата без придружба кои ги напуштиле родните земји се жртви на трговија со луѓе.[11]

Според еден извештај од невладината организација Save the Children („Спасете ги децата“) од 2022 година, децата мигранти кои транзитираат преку Западен Балкан во ЕУ исто така биле изложени на голем ризик од насилство.[12] Децата кои биле интервјуирани за целите на извештајот главно зборувале за тоа дека момчињата без придружба биле жртви на сексуално злоставување што се случувало додека патувале. Ниедно од децата што биле интервјуирани не кажало дека е жртва на сексуално злоставување, но речиси две третини пријавиле еден или повеќе инциденти во коишто тие забележале знаци или пак посведочиле такво злоставување.[13]

За сексуалната експлоатација на децата обично не се зборува, дури ни на блиски роднини. Децата можеби се колебаат да зборуваат за тоа поради страв или срам. За да ги заштитат својата приватност и психолошката благосостојба, лицата кои ги вршеа интервјуата не инсистираа на одговори и не препрашуваа. Децата кои беа интервјуирани на балканската рута честопати го негираа овој проблем или, пак, напати го нормализираа како очекувана злоупотреба на моќ. Во ваквиот контекст, овој тип на насилство е прилично тежок за идентификување.[14]

Друга тешкотија што се јавува при истражувањето на таквите криминални активности е тоа што децата ретко се свесни за нивните права и зависат од постарите лица во групата, кои обично се сторителите.[15] Друг проблем што се јавува е тоа што овие деца не се регистрирани и не престојуваат ниту на исто место, ниту пак во иста земја подолго време. Некои од нив се плашат дека ако ги пријават инцидентите во полиција, ќе бидат вратени во нивната земја на потекло. Затоа, претставува особена потешкотија да се добијат точни информации и податоци, дури и кога се




**СЛИКА 1 Движење на децата мигранти низ регионот на Западен Балкан.**

Извор: Save the Children

контактираат меѓународни или домашни организации што работат во камповите.

Според член 3 од Конвенцијата за правата на детето на ОН, „Во сите активности кои се однесуваат на децата... од примарно значење се интересите на детето“.[16] Оваа одредба не се применува долж балканската рута. Меѓутоа, постојат ретки случаи кога била утврдена сексуална експлоатација на деца без придружба, а органите за спроведување на законот и обвинителите презеле дејства да ги заштитат жртвите.

Во февруари 2022, беа разоткриени случаи на сексуална експлоатација во Орашје, Босна и Херцеговина, каде некои од жртвите биле малолетници.[17] И осомничените престапници и жртвите припаѓале на мигрантското население што престојуваше во прифатните центри во земјата и потекнувале од Авганистан и Пакистан. Обвинителството на Босна и Херцеговина и партнерските институции моментално работат на обезбедување на доказите што се потребни за кривично гонење на сторителите, нега и заштита на жртвите.

Не се очекува таков одговор. Во поголемиот дел од времето, децата се невидливи жртви: дури и кога се иденфитикуваат случаи на сексуална експлоатација, не се прави многу. Според еден преставник од граѓанското општество кој работи со мигранти во Тузла, Босна и Херцеговина, еден криумчар кој бил сместен во прифатните центри за мигранти ги спроведувал нелегалните активности пред носот на другите. Кога криумчарел луѓе по балканската рута, секогаш бил опкружен од млади момчиња кои гоословувале со „тате“ или „чичко“. Тоа што се идентификувал како член од нивното семејство му овозможило полесен пристап до момчињата и така не дозволил тие да бидат одвоени во камповите, па на тој начин можел сексуално да ги експлоатира.[18] Во други случаи, при криумчарењето луѓе преку реката Дрина од Србија до Босна и Херцеговина, момчињата биле задолжени за управување со бродовите. Малолетниците, главно деца без придружба, управуваат со бродовите, бидејќи ако ги фатат, нема кривично да одговараат. Наместо тоа, ќе бидат ослободени или сместени во центар за бегалци.[19]

Според претставниците од граѓанското општество кои работат со мигрантите, проблемот со истражувањето на сексуалната експлоатација на деца без придружба трпи поради недостаток на интерес од страна на органите за спроведување на законот, како и недостаток на теренски истражувања: „Иако одредени организации и поединци имаа податоци за постоењето на сексуалната експлоатација кај децата без придружба, тоа не беше доволно да ги убеди властите да започнат со истражувања,“ вели еден активист. [20]

Еден од начините за намалување на ризикот од сексуална експлоатација на деца кои патуваат кон ЕУ преку Западен Балкан е можноста да се стекне доверба кај децата во лицата кои им даваат помош на мигрантите во камповите. Тоа подразбира подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу институциите, организациите и поединците кои се дел од мрежата за заштита и зголемување на комуникацијата со бегалците и мигрантите во рамките на системот за заштита. Тоа вклучува подигнување на свеста за ризиците и опасностите од сексуалната експлоатација на децата. За интересите на децата во движење да бидат од примарно значење, полицијата, системот на социјална заштита, меѓународните организации и граѓанското општество треба заедно да работат за да ги заштитат и да ги задоволат потребите на малолетниците без придружба.

## Забелешки


1 EUROPOL, *13 criminals arrested for smuggling at least 212 people*, 16 февруари 2023 година, https://www.europol.europa.eu/media-press/newsroom/news/13-criminals-arrested-for-smuggling-least-212-people.

2 Ibid.

3 Frontex, *Migratory routes, Western Balkan route*, https://frontex.europa.eu/what-we-do/migratory-routes/western-balkan-route/.

4 MARRI, *Analysing the influence of COVID-19 on migration in the MARRI participants*, 25 јануари 2021 година, http://marri-rc.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/FINAL-REPORT_Analysing-the-influence-of-COVID-19-on-migration-in-the-MARRI-Praticipants-1.pdf?fbclid=IwAR0KLKkK275b50Q71vMq0XxZ9e781PfndV5sYoPf5iePilGoqWFuMEPpjLU.

5 Frontex, *EU's external borders in 2022: Number of irregular border crossings highest since 2016*, 13 јануари 2023 година, https://frontex.europa.eu/media-centre/news/news-release/eu-s-external-borders-in-2022-number-of-irregular-border-crossings-highest-since-2016-YsAZ29.

6 Интервју со граничен полицаец во Босна и Херцеговина, Сараево, 30 ноември 2022 година.

7 Ibid.

8 *Povećan broj migranata u BiH izvan privremenih prihvatnih centara*, Fokus, 3 ноември 2022 година, https://www.fokus.ba/vijesti/bih/povecan-broj-migranata-u-bih-izvan-privremenih-prihvatnih-centara/2430706/.

9 Интервју со активист од граѓанското општество и вработен во меѓународна организација во Унско-санскиот кантон, Босна и Херцеговина, 21 јануари, 2023 година.

10 Високиот Комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР) го дефинира детето без придружба како „лице кое е помало од осумнаесет години, освен ако според законите што важат за детето, не стане полнолетно порано и лице кое е „одвоено од двата родители и за него не се грижи возрасно лице кое според закон или обичај има обврска тоа да го направи““. Видете ги UNHCR, *Guidelines on policies and procedures in dealing with unaccompanied children seeking asylum*, февруари 1997 година, https://www.unhcr.org/media/guidelines-policies-and-procedures-dealing-unaccompanied-children-seeking-asylum.

11 Настан по повод презентација на извештајот, *Wherever we go, someone does us harm: Violence against refugee and migrant children arriving in Europe through the Balkans*, Save the Children, Sarajevo, 29 ноември 2022 година.

12 Save the Children, *Wherever we go, someone does us harm: Violence against refugee and migrant children arriving in Europe through the Balkans*, август 2022 година, https://resourcecentre.savethechildren.net/document/wherever-

we-go-someone-does-us-harm-violence-against-refugee-and-migrant-children-arriving-in-europe-through-the-balkans.

13 Ibid.

14 Интервју со психолог во Босна и Херцеговина, 21 декември, 2022 година.

15 Интервју со активист од граѓанско општество кој работи со луѓе во движење, Сараево, 10 декември, 2022 година.

16 United Nations, *Convention on the Rights of the Child*, 20 ноември 1989 година, https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-child.

17 A Deković, *BIH: Pronađeni dokazi o zlostavljanju i seksualnoj eksploataciji migranata*, Anadolu Agency, 24 февруари 2022 година, https://www.aa.com.tr/ba/balkan/bih-pronađeni-dokazi-o-zlostavljanju-i-seksualnoj-eksploataciji-migranata/2512450.

18 Интервју со претставник од граѓанското општество кој работи во Тузла, 15 јануари, 2023 година.

19 Интервју со полициски инспектор во Сараево, 1 февруари, 2023 година.

20 Интервју со активист од граѓанско општество кој работи со луѓе во движење, Сараево, 10 декември, 2022 година.

**Билтените на ризици се редовен производ на нашите регионални опсерватории, кои се потпираат на мрежите на граѓанското општество за да добијат нови податоци да ги стават во контекст трендовите поврзани со мрежите на организиран криминал, нелегалната трговија и одговорот на државите кон нив. Доколку сакате да се претплатите на идните изданија на Билтенот на ризици, ве молиме пријавете се тука или пратете е-пошта на almedina.dodic@globalinitiative.net.**

## ЗА ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал е глобална мрежа со над 500 експерти ширум светот. Глобалната иницијатива обезбедува платформа со цел промовирање поширока дебата и иновативни пристапи како градиво за инклузивна глобална стратегија против организираниот криминал.

**www.globalinitiative.net**

Оваа публикација е изработена со помош на финансиската поддршка на Фондот за конфликт, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на ГИ-ТОК и не нужно ги одразува ставовите на Обединетото Кралство.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME